# ТВИНИНГ ПРОЕКТ

# Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефективно управување со јавните финансии

Твининг проект MK11 IB FI 01

„Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефективно управување со јавните финансии “

# Активност 0.1
# почетна конференција

# ИЗВЕШТАЈ



Проектот е финансиран од ЕУ

# 1 Резиме

Конференцијата по повод официјалното отпочнување на Твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефективно управување со јавните финансии“ се одржа во просториите на ЕУ Инфо центарот, во Скопје, на $25^{та}$ јануари 2016 година. На конференцијата присуствaa претставници од Министерството за финансии и голем број на други министерства и агенции, амбасади, меѓународни организации и други заинтересирани страни. Вкупниот број на учесници на настанот беше 81, а истиот беше и медиумски покриен.

Модераторите на настанот, г-ѓа Верица Проковиќ, лидер на проектот од земјата корисник и г. Рејо Линд, лидер на проектот од земјата членка, го отворија настанот посакувајќи им добредојде на сите учесници и презентирајќи ги говорниците на настанот.



*г-ѓа Верица Проковиќ, лидер на проектот од земјата корисник и г. Рејо Линд, лидер на проектот од земјата членка*

# 2 Поздравно обраќање

Поздравно обраќање на конференцијата имаа: раководителот на Одделот за политички прашања, информации и комуникации при Делегацијата на ЕУ во Скопје, г. Лукаш Холуб и државниот секретар на Министерството за финасии, г. Игор Димитров, како и управниот директор на ХАУС - Финскиот институт за јавен менаџмент, г-ѓа Анели Темес.

Претставникот на Делегацијата на ЕУ, г. Холуп, ја истакна важноста на ефикасно и транспарентно управување со јавнте финансии – *„Ефикасното и транспарентно управување со јавните финансии може да се смета како основа за добро управување со јавните средства. Овој систем ја подобрува одговорноста и ги намалува ризиците од измама и корупција. Проектот треба да ја поттикне промената на буџетскиот процес од буџет базиран на инпути кон буџет базиран на резултати. Предизвиците кои стојат на тој пат се однесуваат на обезбедување на континуирана политичка поддршка за буџетски реформи со кои треба да се забрза процесот и да се подобри фискалната одговорност и капацитетот на сите буџетски корисници“*



*раководителот на Одделот за политички прашања, информации и комуникации г. Лукаш Холуб (втор од лево)*



Државен секретар во Министерство за финансии, г. Игор Димитров (втор од десно)

Државниот секретар во Министерството за финансии, г. Димитров ја истакна важноста на овој проект и значењето на размената на знаења и соработката што во следните 24 месеци ќе бидат воспоставени помеѓу македонските и странските експерти. Тој истакна дека: *"Ова ќе биде еден од клучните проекти што ќе доведе до подобрување на управувањето со јавните финансии, а пак подобреното управување со јавните финансии и ефективното среднорочно планирање на буџетот се едни од главните приоритети на Владата на Република Македонија, во рамките на процесот на интеграција на земјата во ЕУ "*

Госпоѓата Анели Темес, управен директор на ХАУС, Финскиот институт за јавен менаџмент, во поздравното обраќање ја истакна важноста од воспоставување на добра комуникација и соработка помеѓу експертите од земјите-членки и земјата корисник и се фокусираше на заедничките придобивки од оваа соработка.

По поздравните обраќања, гостите имаа можност да проследат три клучни презентации поврзани со темите кои се во фокус на Проектот.



постојан советник на Проектот, г-ѓа Јона Барихел и координатор на Проектот, г. Мартин Новески,

Првата презентација на постојаниот советник на Проектот, г-ѓа Јона Барихел и координаторот на Проектот, г. Мартин Новески, имаше за цел да даде краток преглед на целите на проектот, очекуваните резултати и она што би сакале да се постигне во текот на следните две години од имплементацијата на Проектот. Еден од клучните резултати е да се зголеми капацитетот на Министерството за финансии и буџетските корисници за среднорочно планирање на буџетот. Во таа насока ќе бидат дадени препораки за изготвување на среднорочна фискална стратегија, со цел да се постигне усогласеност со пристапот на среднорочна буџетска рамка. Исто така, ќе бидат дадени и препораки за развивање на годишниот буџетски процес така што годишниот буџет подобро ќе се поврзе со среднорочната рамка и рамката на трошоци.

Втор важен резулат од Проектот е развивање на нова (подобрена) програмска класификација на буџетот со вклучени индикатори на успешност. Во рамките на Проектот исто така ќе се развива и методологијата за утврдување, следење и известување по однос на буџетските програми, при што се очекува дека капацитетите на Министерството за финансии и буџетските корисници на оваа

поле ќе бидат зајакнати. Проектот ќе направи и проценка на потребите на развој на ИТ. Понатаму, проектот ќе работи на развивање на капацитетите на Министерството за финансии за подготовка на фискални извештаи во согласност со методологијата на ЕСА и стандардите на ЕУ. Презентерите ја промовираа и веб страницата на проектот http://www.finance.gov.mk/en/node/5498 и ги охрабрија посетителите да ја посетат страницата за повеќе информации.



Г-дин Сами Јаутинен, координатор за економска политика, генерален директор, Министерство за финансии, Финска,

Господин Сами Јаутинен, координатор за економска политика, генерален директор на Министерството за финансии во Финска, имаше презентација во областа на реформите во управувањето со јавните финансии – придвижување кон среднорочни перспективи. Тој ги претстави основните идеи на среднорочната фискална рамка и буџетската рамка, истакнувајќи дека среднорочната буџетска рамка може да помогне да се надминат голем број заеднички буџетски проблеми, како што е нереалното буџетирање или неефикасното трошење. Исто така, во презентацијата тој посочи на некои предуслови за ефективна среднорочна буџетска рамка, како што се стабилни среднорочни фискални цели и реални макроекономските проекции. Како заклучок тој ја истакна важноста на среднорочната буџетска рамка како начин за подобрување на фискалната дисциплина, но, исто така, и начин за поефикасно утврдување на приоритети на политики, стабилност и предвидливост.

Господин Александар Зунер, советник во Министерството за финансии во Австрија заедно со г-ѓа Јона Барихел ги презентираа буџетските реформи, ос аспект на спроведувањето на среднорочната буџетска рамка која ги исполнува барањата на ЕУ. Госпоѓа Барихел се фокусираше на општото ниво, презентирајќи некои елементи од правилата на ЕУ во однос на фискалната рамка, додека г. Зунер се осврна на спроведувањето на среднорочната буџетска рамка во пракса, притоа фокусирајќи се на австрискиот случај и научените лекции од тој процес.



Г-дин Александар Зунер, советник, Министерство за финансии, Австрија

По презентациите, лидерите на Проект, г. Рејо Линд и г-ѓа Верица Проковиќ изразија задоволство од соработката и нагласија дека со нетрпение очекуваат Проектот да почне со реализација на своите активности и резултати.

По завршувањето на презентациите гостите беа поканети на мала закуска.

## 3 Медиумска покриеност на настанот

Делегацијата на ЕУ, за конференцијата на Проектот, објави соопштение за јавноста, а медиумите беа поканети да известуваат за настанот:

- http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/press_corner/all_news/news/2016/25-01-2016-financing_en.htm

По настанот, беа објавени прилози во неколку поголеми портали. Проектот, исто така, имаше и телевизиска покриеност на две национални ТВ станици, во понеделникот, 25-ти јануари 2016. Во продолжение се дадени линкови од објавените информации за конференцијата:

- http://sitel.com.mk/so-pari-od-eu-kje-se-jakne-upravuvanjeto-so-javnite-finansii

- http://telma.com.mk/vesti/proekt-za-upravuvanje-so-javni-finansii

- http://vecer.mk/ekonomija/promoviran-tvining-proekt-za-efikasno-upravuvanje-so-javnite-finansii

- http://sitel.com.mk/promoviran-tvining-proekt-za-efikasno-upravuvanje-so-javnite-finansii

- http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=FB3B4E36E4ABA84EB5EE6E5809C07BCD

- http://lider.mk/2016/01/25/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D1%82%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B3-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D1%84%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%81%D0%BD/
- http://reporter.mk/2016/01/25/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D1%82%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B3-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D1%84%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%81%D0%BD/

- http://www.independent.mk/articles/26891/EU+Info+Center+Promotes+Project+For+Effective+Public+Financial+Management

# 4 Галерија












Проектот е финансиран од ЕУ






2020






2020





